Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Sektori i Çështjeve Normative-Administrative, të Drejtave të Autorit dhe të Drejtave të Përafërta

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 19 | | |

Архивски број: 53 - 7829/3

Датум : 29 08 2025 година

До:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Улица „ Македонија " бр. 28

1000, С к о п ј е

**Предмет:** Барање за дополнителни информации

**Врска:** Ваш допис УПП бр. 03-19 од 11.08.2025 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за култура и туризам (Министерството) го прими дописот/претставка од двајца автори – Емилијан Новески и Вада Васиќ со барање за постапување во врска со повреда на авторското право од страна на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП", Скопје (ЗАМП).

Министерството со допис го извести ЗАМП за претставката, и побара нивно произнесување, односно видување во врска со постапувањето околу распределбата на авторските надоместоци од програмите на Јавниот сервис – Македонско радио – радио програмски сервис преку сателит и посебната радио програма – Радио Македонија, со можност и да се достави соодветна документација (на пример авторско-правниот договор со Македонската радио и телевизија).

Но, со оглед на определени сознанија/индиции во однос на емитувањето на сателитската програма на Маkеднското радио и посебната радио програма - Радио Македонија, молиме за ваши официјални информации за тоа дали иницијално се емитува/аат ова/ие програма/ми преку сателит или има некаков застој од техничко-технолошка природа.

Во функција на бараната информација, молиме и за детални податоци и за тоа дали овие радио програми сателитски се емитуваат преку Македонска радиодифузија или за оваа намена се користи друг сателитски преносник (трансмитер) или/и преку друг (комбиниран) преносник на програмските сигнали.

Исто така, молиме за информација и за обемот на иницијално дисеминирање на програмите (радио програмите) на Јавниот сервис, определен во законската дозвола за


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
www.kultura.gov.mk

емитување програма, вклучителнно и на другите можни видови на авторско-правни користења (услуги) на Јавниот сервис.

Со почит,

МИНИСТЕР

Зоран Љутков